кратка **информација** за применети политики

Институт за европска политика. Скопје

# ШТО СТОИ НА КРСТОПАТОТ?

## ИНТЕРСЕКЦИСКИТЕ НЕЕДНАКВОСТИ ВО СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ВО МАКЕДОНИЈА

- КОРИСНИЧКА ПЕРСПЕКТИВА –

Оваа кратка информација за применети политики ги резимира наодите од истражувачкиот проект „(Не) еднаквостите во социјалната заштита: Повеќеслојна анализа на интерсекционалноста при обезбедувањето на социјална заштита - компаративна студија". Истражувачкиот проект беше спроведен во периодот август 2014 - јули 2015 од Институтот за европска политика - Скопје, Македонија и Центарот за општествени истражувања - Аналитика, Босна и Херцеговина.

## *Содржина*

Извршно резиме .......... 2
Социјалната заштита како клучна функција на државата (особено) во влошена економска состојба .......... 4
Зошто е потребен интерсекциски-заснован пристап на креирањето на политки? .......... 6
Корисничка перспектива: основни потреби, стратегии за справување и пречки во нивното задоволување .......... 8

1. Недоволна и закаснета парична помош
2. Режии и други сметки
3. Необезбедена достапност, пристапност, прифатливост и квалитет на државните институции и услуги
4. Инвазивен и казнен
5. Дискриминирачки однос од државните институции

Препораки .......... 16

Regional Research Promotion Programme | Western Balkans
Schweizerische Eidgenossenschaft / Confédération suisse / Confederazione Svizzera / Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
UNI FR – Université de Fribourg / Universität Freiburg
ANALITIKA Center for Social Research

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

При креирањето на политиките, мора да се земат предвид животните искуства и мислењата на корисничките и корисниците и потенцијалните кориснички и корисници на системот на социјална заштита, доколку се сака тој навистина да ги извади и задржи надвор од сиромаштија. При ова, треба да се земат предвид разликите во искуствата на исклучување и непривилегираност кои не се движат и не се ограничени на само една оска. Односно, не сите жени, или лица со попреченост, или ЛГБТИК лица, ниту пак лицата од некоја друга „група“ дефинирана преку некоја лична карактеристика или статус, страдаат од истата исклученост или непривилегираност. Ако јавните политики ги избришат разликите што произлегуваат од реалноста на животните искуства на овие лица, потенцијалот на системот за социјална заштита да ги оствари оствари своите цели значително се подрива затоа што тогаш тој всушност и не ги третира вистинските потреби и извори на исклученост, непривилегираност и ранливост.

Обидувајќи се да претставиме корисничката перспектива на социјалната заштита, спроведовме квалитативно истражување што ги разгледуваше животните искуства на корисничките и корисниците[1], со цел, помеѓу другото и, да ги идентификува нивните основни потреби и стратегии за справување. Овие наоди ги споредивме со правната и рамката на применети политики.

Заклучивме дека постојниот систем за социјална заштита во Македонија не ја исполнува својата цел. Препознавањето и видливоста на разликите во животните искуства на луѓето врз основа на род, тело, раса и класа се во зачеток. Законите и политиките во голема мера не успеваат да ги идентификуваат и артикулираат овие категории на начин што би го надминал пристапот по една оска, и кој би предвидел конкретни мерки и активности за адресирање на потенцијалните извори на нееднаквости, т.е. точки на исклучување, непривилегираност и дискриминација.

Во голема мера, потребите на корисниците или оние кои би требало да се корисници на системот за социјална заштита остануваат едвај-задоволени. Преовладува општо незадоволство со системот. Се смета дека обезбедувањето на услуги е со многу низок квалитет, додека капацитетите на институциите и лицата задолжени за обезбедување на социјална заштита се доведуваат под знак прашање. Севкупно - не само

**ИНТЕРСЕКЦИОНАЛНОСТ**

Систем на „интеракции помеѓу социјални структури, симболички претставувања и идентитетски конструкции кои создаваат нееднаквости, а се специфични за контекстот, тематски ориентирани и неразделно поврзани со општествената практика“.

Габриел Винкер и Нина Дегеле, „Интерсекционалноста како повеќеслојна анализа: Справување со социјална нееднаквост“ [Intersectionality as multi-level analysis: Dealing with social inequality], Европско списание за женски студии Том.18 Бр.1 (2011): 54.

1 Испитаниците и испитаничките беа избрани и контактирани преку комбиниран пристап - помош од клучни информатори (НВО, добротворни организации), препораки од страна на лица што познаваат други кои би одговарале на фокусот на истражувањето.

што системот не допира до лицата со најголема потреба од социјална заштита, туку и се смета и доживува како дискриминаторски, казнен, неправеден, корумпиран, непристапен, додека пак постапките се оценуваат како скапи, долготрајни и сложени, а социјалните услуги во голема мера или несоодветни или непристапни.

Финансиски најсиромашните од нашите испитаници и испитанички немаат пристап до храна, домување, здравство, транспорт и обезбедени услови за физичка и сензорна пристапност. Несигурноста во врска со обезбедување на храна се издвојува како најитната загриженост. Многу од нашите испитаници и испитанички кажуваат дека јадат само по еден оброк дневно, често обезбеден во народни кујни што подразбира и немање храна за време на викенди. Нивните животи се секојдневна борба за врзување крај со крај и за обезбедување егзистенција за себе и за своите семејства. Иако паричната помош се оценува како задоцнета и недоволна, сепак е пожелна и неопходна стратегија за справување кај сите наши испитанички и испитаници. Системот за социјална заштита исто така не ги идентификува многуте други насушни потреби, како хигиената, производите за бебиња, одмор и рекреација, менталното и сексуалното здравје, итн. Потребите на лицата со попреченост и нивните семејства остануваат во голема мера неисполнети, а нивните животи обележани од стигма и исклученост.

Со цел да се адресираат овие прашања, изнесуваме листа на препораки дадени од самите наши испитанички и испитаници - лица што се или би требало да бидат корисници на системот за социјална заштита. Некои упатуваат на поопшти, додека други укажуваат на поконкретни прашања. Препораките дадени од нашиот истражувачки тим се проткајуваат низ целиот текст, и често се преклопуваат со оние дадени од нашите испитанички и испитаници. Тука ќе истакнеме само една од препораките: Потребно е спроведување на отворен, партиципативен и транспарентен консултативен процес на национално ниво за тоа каков систем на социјална заштита треба да има во Македонија, како и како тоа да се постигне. Потребен е политички консензус за отворање на таков процес, вклучително и за истиот да не се злоупотребува политички. Во овој процес мора да се слушнат гласовите на лицата кои го користат или треба да го користат системот за социјална заштита, и да се земат предвид нивните животни искуства. Препорачуваме и спроведување на анализа за можностите за воведување на интерсекциски пристап во креирањето на политиките, при што би биле разгледани и искуствата од други земји, со добро проценет потенцијал за успех или неуспех при преземање на тие политики.

## ОД КАДЕ ЦРПЕВМЕ ПОДАТОЦИ

- 33 интервјуа со лица што се, или би требало да бидат, кориснички и корисници на системот за социјална заштита (јануари-март 2015)
- Фокус групи со некорисници
- Анализа на медиумски прилози
- Критички преглед на постоечка литература

# СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА КАКО КЛУЧНА ФУНКЦИЈА НА ДРЖАВАТА (ОСОБЕНО) ВО ВЛОШЕНА ЕКОНОМСКА СОСТОЈБА

„Може да видиш колкава е сиромаштијата по ѓубрето што го фрлаат луѓето“.

*Рамиз, собирач на ѓубре, татко, 11-члено домаќинство*

Во Македонија има висока стапка на невработеност, низок стандард на живеење и зголемена изложеност на социјална ранливост кај голем број од граѓанките и граѓаните. Според Светска банка, речиси една четвртина од населението живее во сиромаштија.[2] Според други извори, броевите достигнуваат 30,9%. Процентот на невработеност во 2015 година е пресметан на 25,5%. Жените заработуваат 12,5% помалку за работа со еднаква вредност, и јазот се продлабочува како што се намалува нивото на образование; всушност, застапеноста се качува до 28,4% за лицата без формално или со основно образование. За работа со еднаква вредност, со исто искуство и образование, една жена би била платена 17,3% помалку отколку еден маж[3]. Во 2014, имало 133,539 регистрирани членови на домаќинства што добивале социјална парична помош.

Високиот број на затворени работни места за време на транзицијата, недостигот на нови работни места и недостигот на вештини за вработување според новонастанатите услови на пазарот, одеа паралелно со распадот на социјалната држава. Се чини дека распадот сè уште трае. Означен е со намалување на видовите, опфатот и квалитетот на социјалните услуги (како на пример здравствени услуги од областа на сексуалното и репродуктивното здравје, помош при барање работа, услуги за лица со попреченост, или услуги за постари лица).

Ова може да се следи преку амандманите на законите и подзаконските акти во областа на социјалната заштита. Како резултат на тоа, социјалните потреби и социјалните ризици дополнително се зголемуваат, што води до подлабоки социјални расцепи, на тој начин истовремено зголемувајќи ја потребата за социјална заштита и одговорноста на државата да обезбеди таква заштита. Освен тоа, се зголемува правната несигурност, што може да се види и од бројот на законски измени на кои еден закон се подложува во текот на една година, но и воопшто – бројот на измени по законски текст. На пример, Законот за социјална заштита беше усвоен во јуни 2009, а веќе е 17 пати изменет.[4]

Без оглед на сериозноста на контекстот, опишана погоре, недоволно студии ги разгледуваат животните искуства на лицата што живеат на маргините на општеството. Ова ја остава сложеноста на нивните лични околности, потреби и ризици неистражени и невклучени во законите и политиките.

2 Светска Банка, „Ниво на сиромаштија по глава на жител на националните линии на сиромаштија (% од популацијата),“ “Poverty headcount ratio at national poverty lines (% of population)” Вебстраница на Светска банка <http://data.worldbank.org/indicator/SI.POV.NAHC/countries/MK?display=graph>.

3 Извор: Finance Think, апликација EdPlako: <http://www.edplako.mk/истражувања/>.

4 Закон за социјална заштита, Службен весник на Република Македонија, Бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15; Одлука на Уставен суд: 07.04.2010.

## Пристап на една оска

Законите и политиките сè уште првенствено го следат пристапот на една оска (анг. single axis approach). Ова подразбира сведување на лицата на една лична карактеристика или статус, без да се земат предвид потенцијалните сложености и контекстуалните прашања што произлегуваат од нијансите на една карактеристика или статус како и, дотолку повеќе, од нивните вкрстувања (анг. intersections).

Законското уредување на личните карактеристики или статуси како заштитени основи може да покрене многу дебати, како на пример кои основи треба да се заштитат, зошто, со каков опсег, во каква интеракција со други основи, во кои области, од кого треба да штитат, и конечно кои нивни интерсекции. Сите овие прашања мора да се најдат на агендата на јавните политики. Нивната важност дополнително се зголемува штом се земе предвид дека во овие дискусии често се појавува она што се нарекува „симплистички повици за одржување на 'природното', наводно засновани во биологијата [...][или повикување на наводната] природност на здравиот разум".5 Сложените социјални разлики може и да се објаснат и да се демантираат по пат на повикување на „природата", што е доста примамливо за здраворазумноста, но не би требало да има простор во креирањето на политиките, затоа што, како што Гејн со право забележува, „заводливата леснотија со која [природноста на здравиот разум] ги објаснува општествените феномени е она што може да ја направи најрепресивна".6

Ова е случајот со Македонија. Сексуалната ориентација и родовиот идентитет[7] беа исфрлени од одредбата за основи за дискриминација на Законот за спречување и заштита од дискриминација, меѓу другото, и врз основа на такви симплистички повици и „природноста" на здравиот разум. Позиционирањето на хетеросексуалноста како „природна" и биолошки „исправна" па и морално оправданата привлечност кон спротивниот пол, автоматски ги претставува хомосексуалните, бисексуалните и асексуалните лица како неприродни, т.е. одат спротивно на природата. Додавањето на религиски аргументи, исто така сметани како „природни" кога ова беше понатаму преземено и нагласено од религијата како дел „природата", ситуацијата дополнително се влоши.

Основниот минимум на законска заштита врз основата сексуална ориентација и родов идентитет мора веднаш да биде заштитена со ЗСЗД, по што оваа заштита треба да биде пресликана во останатите закони и политики, вклучително и преку воведување мерки за исправање на претходната историја на нееднаквост на лицата што се со сексуална ориентација поинаква од хетеросексуалната и лица со неконформирачки родов идентитет. Во постоечката литература има мноштво докази за промени во политиките во ваков правец.[8]

5 Крис Гејн „Заклучок" [Conclusion] во Крис Гејн и други „Еднаквост и диверзитет во праксата на социјална работа"[Equality and Diversity in Social Work Practice], Крис и Гејн (Лрнинг метрс, лтд 2010), 116.

6 Ibid.

7 Разбрано како во: Принципите на Јогјакарта: „Принципи на Јогјакарта" [Yogyakarta Principles] вебстраница на Принципи на Јогјакарта, < http://www.yogyakartaprinciples.org/principles_en.htm>. 18.02.2016. Исто така видете: "Иницијатива Член 3", <http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2014/05/merged_document.pdf>.

8 Да спомeнеме само неколку неодамнешни: Истражувачкиот извештај на кој се темели оваа информација за применети политики: Билјана Котевска и други, „Уметноста на преживувањето: Интерсекциски нееднаквости во социјалната заштита во Македонија - резултати од емпириско испитување" [The Art of Survival: Intersecting Inequalities in Social Protection in Macedonia – Results of an Empirical Enquiry] (Институт за европска политика - Скопје, 2016). Докази за ЛГБТИ лицата со различна етничка припадност може да се најдат во студијата со мешани, вкрстени методи: Кристефер Стојановски и други „Тоа е една голема осаменост за мене": Влијанието на политиката и општеството врз мажи што имаат секс со мажи и транс-жени во Македонија„ [It Is One, Big Loneliness for Me": The Influences of Politics and Society on Men Who Have Sex with Men and Transwomen in Macedonia] Истражување на сексуалност и социјални политики, (2015). Најнеодамнешниот извештај за истражување што содржи наоди од анкетирани ЛГБТИ лица дава детални информации за, меѓу другото, социјална заштита. Видете: Кочо Андоновски и други „Анализа на проблемите и потребите на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија во областа на социјалната заштита,

Законодавниот пристап кон нееднаквостите има напреднато само до степен на вклучување на одредби за повеќекратна дискриминација. Но, ова се прави без пропратно воспоставување на механизми или гаранции за идентификување и адресирање на повеќекратна дискриминација. Впечатливо е и дека надминувањето на пристапот на една оска во домашните политики во полето социјална заштита се сè уште во зародиш, при што некои од политиките земаат предвид повеќе лични карактеристики или статуси. Сепак, интерсекциите и поврзаноста на лични карактеристики или статуси остануваат необјаснети. Дополнително, и домашните и меѓународните проценки укажуваат на стагнација во вклученоста на социјално ранливите и/или лицата со попреченост.[9]

## ЗОШТО Е ПОТРЕБЕН ИНТЕРСЕКЦИСКИ-ЗАСНОВАН ПРИСТАП НА КРЕИРАЊЕТО НА ПОЛИТКИ?

Интерсекционалноста го спречува сведувањето на луѓе на единствена карактеристика, овозможува разбирање на животните искуства, но исто и на социјалните локации и категории и како тие се конструираат - како род, раса, класа, ‘способност’ (анг. ability), итн.[10] Освен тоа, интерсекционалноста помага да се препознаат и разберат тековните социјални процеси и постоечките структури и како тие се обликуваат под ударот на односите на моќта.

### Што може креаторките и креаторите на политиките да направат со помош на интерсекционалноста?

- Да ги направат нееднаквостите видливи и експлицитни
- Да вклучат широк спектар на категории на повеќекратна нееднаквост
- Да ја артикулираат динамиката меѓу категориите
- Да покажат структурно разбирање на постоечките односи на моќ[11], нивните ефекти и сложености
- Да покажат свесност за и да влезат во костец со привилегиите и нееднаквостите, вклучувајќи ги и оние што се присутни во постоечките политики и закони
- Да избегнат стигматизација на лица и групи во точките на вкрстување
- Да се зголеми консултацијата со и учеството на граѓанското општество во креирањето на политиките во креирањето на политиките[12]

правните услуги и полициското постапување“ (ЛГБТ Центар на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија, 2016). За аргументи за законски измени на ЗСЗД што ќе ја додадат сексуалната ориентација и родовиот идентитет видете: „Иницијатива Член 3“, <http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2014/05/merged_document.pdf>, Последен пат пристапено : 18.02.2016. Истото во поширок контекст, дополнително повикувајќи и на внатрешна хармонизација на националното законодавство за еднаквост и недискриминација, може да се најде во: Билјана Котевска, „Анализа на усогласувањето на националното законодавство за еднаквост и недискриминација“ (претстојна – 2016; ОБСЕ и КЗД). Освен тоа, може да се консултираат и извештаите на МВО, вклучувајќи ја и ЕУ.

9 Европска комисија, Македонија, Извештај 2015 (10.11.2015) <http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf>. Последен пат пристапено на: 18.02.2016.

10 Олена Ханкивски (ед) „Интерсекционално-заснована рамка за анализа на политики“: [An Intersectionality-Based Policy Analysis Framework], (Ванкувер БЦ: Институт за интерсекционалност, истражување и политики, Универзитет Сајмон Фрејзер, 2012), 17.

11 Како расизам, сексизам, хетеронормативизам итн, како системи на опресија што делуваат индивидуално но и се испреплетуваат.

12 Ломбардо и Августин (2009), како што е резимирано во „Интерсекционално-заснована рамка за анализа на политики“ [An Intersectionality-Based Policy Analysis Framework], Олена Ханкивски (ед) (Ванкувер БЦ: Институт за интерсекционалност, истражување и политики, Универзитет Сајмон Фрејзер, 2012), 18

# Како креаторките и креаторите на политики можат да воведат интерсекциски пристап во креирањето на политики?

## 1. Воведувајќи ги следните основни начела[13]:

**Основни принципи**

- Да работат со интерсекциски категории
- Да анализираат на повеќе нивоа
- Да обратат внимание на моќта на симболичко, структурно и индивидуално ниво
- Да воведат пракса на промислување како дел од обидите да се признаат постоечките односи на моќ
- Да ја препознаат важноста на времето и просторот во оформувањето на доживеаните искуства
- Да се потпрат на разноликите познавања на сите лица засегнати од политиките
- Да целат кон социјална правда, особено кон трансформирање на начинот на кој се продуцираат ресурсите и односите
- Да го имаат на ум принципот на правичност како праведност

## 2. Поставувајќи ги сите овие дескриптивни и трансформативни прашања[14] во процесот на креирање на политиките:

**Дескриптивни прашања**

- Какво знаење, вредности и искуства носите во областа на анализа на политики?
- Кој „проблем" во политиката е предмет на разгледување?
- Од каде доаѓаат различните претставувања на „проблемот"?
- Какво влијание имаат различните претставувања на „проблемот" врз групите?
- Како е адресиран „проблемот" во тековните политики?

**Трансформативни прашања**

- Какви нееднаквости всушност постојат во однос на „проблемот"?
- Каде и како може да се интервенира за да се подобри ситуацијата?
- Кои би биле изводливи краткорочни, среднорочни и долгорочни решенија?
- На кон начин предложените опции за адресирање на „проблемот" би ги намалиле нееднаквостите?
- Како би обезбедиле спроведување и прифаќање?
- Како би дознале дали нееднаквостите се намалени?
- На кон начин спроведувањето интерсекциски-заснована анализа ги трансформира:
  - Вашето размислување за односите и структурите на моќта и неправичноста?
  - Начините на кои вие и другите се ангажирате во работата со развој на политики, нивно спроведување и евалуација?
  - Пошироки концептуализации, врски и ефекти од асиметријата на моќта во секојдневното живеење?

13 Како што е предложено од: Олена Ханкивски (ед) Интерсекционално-заснована рамка за анализа на политики" [An Intersectionality-Based Policy Analysis Framework], (Ванкувер БЦ: Институт за интерсекционалност, истражување и политики, Универзитет Сајмон Фрејзер, 2012).

14 Извор за листата со прашања: Олена Ханкивски (ед) Интерсекционално-заснована рамка за анализа на политики" [An Intersectionality-Based Policy Analysis Framework], (Ванкувер БЦ: Институт за интерсекционалност, истражување и политики, Универзитет Сајмон Фрејзер, 2012). Читателите љубезно се упатуваат кон оригиналното дело за поцелосна и подетална листа на прашања.

# КОРИСНИЧКА ПЕРСПЕКТИВА: ОСНОВНИ ПОТРЕБИ, СТРАТЕГИИ ЗА СПРАВУВАЊЕ И ПРЕЧКИ ВО НИВНОТО ЗАДОВОЛУВАЊЕ

График бр.1 Основни потреби на испитаничките и испитаниците




"Немаме добиено социјална помош веќе два-три месеци. И кога конечно ќе решат да уплатат, плаќаат само за еден месец, не за три. Често е така. Понекогаш не можам ни лекови да купам за детето"

*Петра, мајка на дете со интелектуална попреченост*

## 1. Недоволна и закаснета парична помош

Сите испитаници и испитанички го покренаа прашањето на многу малиот износ на социјалната помош или, како што кажа една од испитаничките: „Едвај може да се преживее со социјалната помош, а не пак да се живее пристоен живот.“ Потемелен увид во структурното ниво покажува дека оваа критика е добро заснована.

> *„Ако се зголемуваат цените, треба да се зголеми и приходот, нели?” Орхан*

Всушност, ако почнеме од просечната месечна вредност на социјалната помош, која е 50 евра, и потоа земеме предвид дека просечната плата е 350 евра, а месечната потрошувачка кошничка за четиричлено домаќинство 500 евра, станува јасно дека сумата е многу мала.

> *„Не можам да барам помошта да биде колку една просечна плата. Ама барем 100 евра... Најмалку 6,000 денари... Ме разбирате? Да имаме барем некаква социјална сигурност...“ Јадранка*

Освен што е недоволна, уплатата на социјалната помош често доцни, како што може да се прочита од извадокот од Петра - мајка на дете со интелектуална попреченост.

## 2. Режии и други сметки

И покрај помпезните најави и ветувањата во политичките настапи дека државата ќе ги покрие режиските трошоци (струја, вода) и ќе помогне во отпишувањето на заостанатите долгови (позајмици од банки и неплатени сметки) на лицата што примаат социјална помош, од интервјуата и од медиумските извештаи станува јасно дека всушност луѓето сè уште се товарат со овие сметки и дека тие не се платени од државата.

> *„Државата треба да размисли барем малку да ја зголеми помошта во оние месеци кога знаат дека трошоците ни се зголемуваат [зимските месеци].“ Јадранка*

Исто така, како што може да се види од искуството на Драгана (видете го цитатот), лицата добиваат и опомени и се справуваат со извршители поради неплатени долгови, иако поднеле барања за покривање на долговите. Ова им создава стрес, но и дополнителни трошоци поврзани со администрацијата врзана за овие процедури.

Морав да се расправам со извршител, иако поднесов барање државата да ми ги намири долговите. Требаше да платам 11,000 денари за сметката за струја. Немав пари, како да платам?

*Драгана, лице со физичка попреченост, примателка на социјална помош, едночлено домаќинство*

Самохрана мајка на дете со Даун синдром што живее во рурална област се соочува со пречки во пристапноста на објектите за згрижување и социјализација на детето - дневни центри за лица со интелектуална попреченост. Живеејќи во рурална средина, со нередовен јавен и скап приватен превоз, таа правела напори да го вклопи детето во непосредната околина, но сфатила дека децата со интелектуална попреченост се постигматизирани во селата. Понатаму, таа се обидела да застапува отворање на дневен центар во нејзината област. Но, обидите завршиле безуспешно. Како и другите старатели на лица со попреченост, и таа најмногу стравува за судбината на нејзиното дете откако таа ќе умре.

### 3. Необезбедена достапност, пристапност, прифатливост и квалитет на државните институции и услуги

Трошоците на целокупната административна постапка, како и нивното времетраење, предизвикуваат оптоварување за (потенцијалните) кориснички и корисници на системот на социјална заштита, што се гледа од фактот што месечниот износ на помошта, како што споменато и погоре, е околу 50 евра, додека, пак, најниската административна такса за обработка на еден документ е 0.9 евро центи.

*„Документите чинат повеќе отколку она што ќе го добиеш како помош" - Драгана*

Освен тоа, со оглед на тоа дека канцелариите каде што се завршуваат овие постапки се најчесто сместени во центрите на градовите, или во главниот град, лицата што живеат подалеку, или тие што живеат во рурални области, се изложени на директни трошоци за превоз и оброци, како и на индиректни трошоци - обезбедување грижа за лицата кои ги оставаат дома, губење саати за работа во сивата економија, здравствени проблеми и други дополнителни оптоварувања што произлегуваат од патувањето.

*„Премногу документи, за премалку пари" – Јадранка*

Административните постапки се дополнително оптоварување од аспект на сензорна и физичка (не)пристапност, но се пречка и за лицата што се неписмени или се соочуваат

со јазична бариера, како и за лицата со психосоцијални попречености. Како што забележуваат нашите испитанички и испитаници кои се лица со физичка попреченост:

> *„Треба да одам во Управата за јавни приходи, но не можам да влезам, ги гледаш сите растрчани навамунатаму, а ти не можеш, има скали пред тебе, и тоа ти пречи. Не само што ти пречи, туку те убива однатре“. Фатмир*

> *„Нема посебна канцеларија или шалтер за лица со попреченост. Треба да имаат посебен пристап. Некои ме пуштаат на нивно место во редот, но други му велат „па јас чекам пола саат, чекај си ти“. Сенада*

> *„Сум била во јавна бања со пристап за лица со попреченост, и би сакала да има повеќе такви“. Јадранка*

> *„Не е лесно да се качуваш по скали со патерици. […] Ни малку не е лесно.“ Дрита*

Примателите зборуваат за дополнителна потреба од поддршка од државата која би опфатила повеќе од само парична помош. Ова, како што може да се види од погорниот график, главно подразбира лична припомош, најчесто пријавувана како потреба од лицата со попреченост или пак од старателките и старателите на лицата со попреченост. Родителите на деца со попреченост исто така зборуваат за недостиг на услуги воопшто, како и за несоодветна географска дистрибуција на дневните центри како една од клучните препреки. Квалитетот на обезбедените услуги исто така се става под знак прашалник.

> *„Не гледам зошто има потреба да одам и сама да го земам документот за продолжување на социјалната помош. Знаат каде живеам, ја имаат моја адреса. Што не го пратат документот во плик [...] Државата мора да стави една белешка во документите таму, дека станува збор за лице со попреченост и дека парите да се дадат на рака.” Јадранка*

> *„Државата треба да плати некој да оди да помага во семејствата кајшто има лица што користат колички, затоа што не можат сѐ да прават сами“. Сашо*

> *„Медицинскиот персонал треба да е подобро обучен и повеќе да им помага на луѓето“. Фатмир*

Меѓу родителите на децата со попреченост преовладува огромна загриженост за иднината на нивните деца откако тие ќе починат.

> *„Само да знаев дека откако ќе умреме јас и жена ми, тој ќе има кај да оди, знаете, дека ќе има соба со бања, и место за живеење“ (Стефан).*

Друг испитаник, родител на ќерка со шизофренија, размислува да

потпише договор за доживотна издршка со некого за неговата ќерка, и да ја наследи нејзината куќа (Сашо). Кога станува збор за лица што злоупотребуваат алкохол, постои општ недостиг на соодветни услуги и реакција на системот за социјална заштита. Како резултат на ова, семејствата го носат целиот товар и развиваат различни стратегии за справување, а системот останува целосно незаинтересиран и незаангажиран.

### 4.Инвазивен и казнен

На корисниците на социјална помош кои ќе добијат какви било средства на нивната трансакциска сметка или пак преку паричен трансфер (вклучувајќи и дознаки од странство) им се укинува социјалната помош. Укинувањето се спроведува иако се знае дека не може да се очекува некој да живее со само 50 евра месечно (колку што е просечниот износ на социјална помош). Ова испитаничките и испитаниците го сметаат за неправедна мерка. Ова исто така води до критика на системот како казнен, инвазивен, како и дека стимулира неактивност и пасивност кај лицата. Како што една самохрана мајка, корисничка на постојана парична помош, забележува: „системот ме тера да се чувствувам како жртва, како да не сум способна ништо да направам, иако сум активна 24/7". Слично, уште една испитаничка со физичка попреченост објаснува: „Јас сум физички неспособна да работам, но можам да напишам статија или песна и да добијам пари за тоа". Испитаничките и испитаниците кажуваат дека се чувствуваат како во замка, зашто не може никаде да подработуваат за мали пари како претходно, затоа што тоа ќе ги чини укинување на социјалната помош.

> *“Како да сме на ланец, знаеш - контрола […] Ем те тепа, ем не ти дава да плачеш; […] Не ти даваат да дишеш, човече, само да дишеш. Знаеш. Имам чувство како да имам ортома врзано околу вратот [...] сакаш да живееш, ама некој ти ја затегнува јамката” (Драгана)*

Освен тоа, ако државата открие дека примале и други средства, не само што ќе им ја укине помошта, туку и ќе ги натера да ги вратат сите пари што ги примиле како социјална помош откако примиле пари од друго место (види пример со таткото и сообраќајката). Освен тоа, една испитаничка го сподели своето животно искуство за тоа како ова надгледување и казнување изгледа во реалност:

> *„Тие (вработените во социјално) се појавија на една ненајавена проверка и ме видоа како закрпувам едни стари фармерки на машината за шиење. Веднаш ми ја укинаа паричната помош, затоа што мислеа дека заработувам дополнително шиејќи за други. Машината за шиење ми беше само за лична употреба. Не шиев за други!“ (Јадранка)*

Ова беше дополнително оптоварено со ретроактивната примена на овој подзаконски акт, кој, иако стапи на сила на 1 јануари 2015 година, се применува како да стапил на сила од усвојувањето во 2013 година. Ова резултираше со укинување на помошта на многу лица, но и барање од нив да ги вратат парите што ги примале речиси две години. Ова покренува прашање на правната несигурност, што дополнително се влошува со честите промени на законот.

## 5. Дискриминирачки однос од државните институции

Една од најчесто забележаните форми на дискриминација во врска со делувањето на државните институции е отсуството на разумно прилагодување, забележан погоре. Ова е недозволен облик на дискриминација според домашниот закон, но сепак сѐ уште е присутен и во јавниот на основ на попреченост во областа вработување има и поради сеприсутноста на општиот критериум за вработување „општа здравствена состојба“. Овој критериум останува неодреден и се применува без персонализација, што уште од самиот почеток создава пречка за вработување во јавниот сектор за лицата со попреченост. Исто така, листата на тоа што се смета за попреченост на национално ниво останува неревидирана и, без разлика на ратификацијата на Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост, се

По сообраќајка, лице со стекната попреченост добива постојана парична помош. Тој е татко на три деца, сите студенти. По добивањето на пари на сметка по пат на електронски пренос, не само што му била укината помошта, туку бил и приморан да ја врати паричната помош примена до тогаш.

чини дека сè уште преовладува медицинското разбирање на попреченоста и во законот и во практиката, со тоа што некои облици на попреченост остануваат незабележани на државно ниво.

Освен еден јавен оглас за вработување на лица со попреченост, и пропадната практика на заштините претпријатија, се чини дека постои сеопфатно исклучување на лицата со попреченост, и спречување за земање на активно учество во општествениот живот. Ова резултира со нивно целосно исклучување и дискриминација во земјава и тоа во сите области.

Важно е да се нагласи дека во октомври 2014 година беше отворена јавна дискусија за донесување на нов закон за вработување на лица со попреченост, кој треба да го земени стариот.[15] Овој закон предвидува задолжителни проценти за вработување лица со попреченост. Една од испитаничките препорача дека „Треба да има закон дека на секои 30 вработени, секое претпријатие ќе вработи едно лице со попреченост. И ако ова не се почитува, треба да се плаќаат казни". Останува да се види дали ќе се предвиди примена на овој закон и во приватниот и во јавниот сектор, или пак ќе остане само на јавниот сектор и заштитните претпријатија.

Животните искуства на испитаничките и испитаниците упатуваат на дискриминација поврзана со физичка појавност (анг. lookism). На една самохрана мајка на тригодишно дете и еден татко Ром сексуален работник им било кажано дека се премногу добро облечени за да примаат социјална помош. Еден од испитаниците – бездомници бил обвинет за носење болести и „обид сите да ги разболи", по што дури и бил исфрлен од просториите на социјалното. Истото лице било запрашано од работник во социјалната служба „зошто доаѓаш секој ден, како 'циган' и само бараш нешто". Поради родовата експресија, вработените во социјалните служби отворено ја исмевале Ромката трансродно лице и сексуална работничка која им се обратила сакајќи да добие социјална помош. Како и најмногу од најсиромашните во нашиот примерок, таа се соочува со лош однос од страна на лицата чија што работа е да и дадат услуги и обезбедат помош. Освен тоа, во неколку наврати кога се обидела да пријави претрпено физичко насилство од страна на клиент или некој друг, полицијата ја окривувала неа, прашувајќи ја „што направи за да го испровоцираш?" (Сташа). Уште една Ромка се пожалила на недоволна поддршка од страна на државата во нејзините обиди да добие старателство над својата внука по смртта на нејзината сестра, како и целосното отсуство на поддршка за нејзините напори да ги едуцира неа и другите нејзини деца.

*„Зошто државата не*
*ми помогна да добијам*
*старателство на внука ми?*
*И за нејзиното одгледување?*
*Барем колку за алишта*
*да ми дадеше.... Не давам*
*ниту таа, ниту некое*

15 Нацрт законот се› уште не влегол во парламентарна постапка и поради тековната политичка криза, не е можно да се види адли ќе влезе и/или биде усвоен

Слика.2 Стратегии за справување на испитаничките и испитаниците




*друго од моите деца да просат. Моите деца одат на училиште. Државата треда да го види тоа [...] и да ми помогне да направам подобри услови за моите деца. Ама не го прави тоа.“ Лутвија*

Горенаведеното јасно укажува на потребата од сензитивизирање на вработените во државните институции кои работат со маргинализираните групи во општеството. Уште повеќе, наместо да работат на тоа да им помогнат да ги реализираат своите права и да ги намалат своите грижи, и наместо да им обезбедат помош во задоволувањето на потребите, самите вработени во државните институции дискриминираат.

Уште еден присутен проблем е дискриминацијата на основ на возраст и пропратните стереотипи – ејџизам (анг. ageism). Многу од лицата забележуваат дека постарите луѓе не се способни да работат, па индиректно, сеприсутно беше тврдењето дека „тие млади не примаат на работа, па стари ќе примале“.

„Не треба државата да те докрајчува, туку да ти создаде услови да живееш и просперираш"

*Стефан, татко на дете со попреченост*

## ПРЕПОРАКИ

Врз основа на нивните животни искуства, основни потреби и стратегии за справување, нашите испитанички и испитаници ги даваат следните препораки:

- Да се зголеми износот на социјалната помош за да овозможи подобар квалитет на живот;
- Да се поврзе месечната парична помош со месечната вредност на потрошувачката кошничка;
- Да се поедностават и поефтинат постапките за добивање социјална заштита и да се ублажат барањата за нејзино продолжување;
- Да се подобри физичката и сензорната пристапност за лицата со попреченост и да се обезбеди разумно прилагодување;
- Да се тргнат постојните препреки за економско активирање на лицата што примаат социјална помош, особено на оние кои примаат постојана парична помош;
- Да се подобрат мерките за вработување на лицата со попреченост;
- Да се преземат мерки за подобрување на процесто на идентификување на лицата што имаат потреба од социјална заштита, како и за подобро таргетирање на политиките, а со тоа и помошта и мерките;
- Да се подобри достапноста и пристапноста на транспортот во руралните области, како и да се обезбеди бесплатен јавен транспорт за лицата со попреченост како и за нивните старател(к)и/неговател(к)и;
- Да се обезбедат стимулативни мерки за образование (целосни стипендии) за деца од непривилегирани семејства, да се охрабри доживотно учење и учењето занаети за лица со социјален ризик и социјални потреби;
- Да се поттикнува разбирањето и прифаќањето и делува кон намалување на стигматизацијата на попреченоста, самохраните родители (а особено самохраните мајки), жените што преживеале семејно насилство, трансродните лица, сексуалните работнички и работници, бездомни лица;
- Да се зајакнат капацитетите на вработените во социјалните служби за работа со различни групи непривилегирани лица преку обуки за сензибилизација;
- Да се обезбедат дополнителни услуги за самохрани родители и родителки и старатели и старателки на лица со попреченост, како, на пример, услуги за домашна нега, дневни центри на локално ниво, проширени услуги на дневните центри; и
- Да се обезбедат основни услови за домување но и засолништа за бездомни лица, што е особено потребно во зимскиот период.